Општина Василево

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02), член 15 став 8 од Статутот на Општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево” бр. 12/2020), и Правилник за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево бр.08-1073/1 од 23.08.2023 година се објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево

Општина Василево оваа година за прв пат доделува еднократна парична помош на семејствата кои имат запишано прваче во основно училиште на територијата на Општина Василево, во висина од 2.500,00 денари.

За оваа намена, Општината ќе издвои средства од сопствениот Буџет за 2023 година.

Ги покануваме родителите да се пријават за еднократна парична помош од 2.500,00 денари што ги доделува Општина Василево на првоодделенчињата запишани за учебната 2023/24 година во основните училишта на територијата на општина Василево, со временски рок најдоцна до 20 септември.

Родителите на првачињата запишани во едно од училиштата на територијата на општината можат да поднесат барање за еднократната парична помош во Архивата на Општина Василево.

Образецот може да се подигне во Архивата на Општина Василево или на веб страницата на Општина Василево http://opstinavasilevo.gov.mk/

Во прилог на барањето е потребно да се достават следниве документи:

- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;

- Копија од Трансакциона сметка на барателот;

- Копија од извод од матичната книга на родените за детето;

- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште – оригинал;

- Копија од решение за старател во случај на старателство.

Барањата можат да се поднесат секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот во Архивата на Општина Василево.

Општина Василево
Градоначалник
Славе Андонов